# ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА РЕЈТИНГОТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ И ЛИЧНОСТИ

Во периодот помеѓу **16.05.2008** и **18.05.2008** година, стручниот тим на Институтот за демократија спроведе телефонска анкета за испитување на перцепциите на граѓаните за политичките партии во Македонија, како и нивното мислење за лидерите на политичките партии.

## КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето беше спроведено според стадардизиран прашалник и врз основа на стратификуван примерок кој е репрезентативен за населението во Република Македонија. Во примерокот беа запазени демографските специфики на населението (полова структура, старосни групи, степен на образование и етничка припадност), а беше направена и соодветна поделба на испитаниците според местото на живеење (урбана или рурална средина, со тоа што Скопје беше земено како посебна целина заради своите посебности). Во примерокот беа застапени испитаници од сите изборни региони во Македонија според поделбата од 2002 година.

## РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТАТА

Со испитувањето беа опфатени вкупно **1 116 испитаници**. Од нив 520 испитаници се мажи, а 596 се жени, односно 46,6% од испитаниците се мажи, а 53,4% се жени.

Во однос на **старосните групи** 220 (19,7%) се млади до 29 години. Понатаму 202 (18,1%) имаат помеѓу 30 и 39 години, 229 или 20,5% се на возраст помеѓу 40 и 49 години, 212 испитаници односно 19% од вкупниот број се во старосната група помеѓу 50 и 59 години, а 253 (22,7%) се постари од 60 години.

Според **образованието** 4,8% од испитаниците немаат завршено основно образование, а 20,3% имаат само основно образование. Најголем дел од нив или 48,7% имаат средно образование, додека останатите 26,2% од испитаниците имаат више или високо образование.

Според **етничката структура**, најголем дел од испитаниците се етнички Македонци и тоа 818 од нив или 73,3% од вкупниот број, а втори по бројност се етничките Албанци со 255 испитаника или 22,8%. Останатите испитанци се од другите етнички заедници.

Доколку се погледне структурата на испитаниците според **местото на живеење** ќе видиме дека 25,1% се од поголемите градови во Македонија, а 23,1% се од помалите градски средини. Останатите 28,5% од сите испитаници се од рурални средини, а 23,3% се од Скопје.

Во склоп на истражувањето, **подеднакво беа опфатени шестте изборни региони во Република Македонија**, при што отстапувањата меѓу регионите во поглед на нивната застапеност во анкетата се движеа во рамките на дозволеното (+/-1%).

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Анкетниот прашалник се состоеше од **ДВЕ ПРАШАЊА**, на кои испитаниците ги дадоа следните одговори:

**ПРВОТО ПРАШАЊЕ** во анкетата беше *Доколку утре би се одржале парламентарни избори, за која партија би гласале?* Доколку се споредат одговорите на ова прашање со претходните истражувања кои беа спроведени пред и по самитот на НАТО (март и април) може да се забележи дека има определено поместување на рејтингот на партиите.

| | Март | Април | 3-5 Мај | 16-18 Мај |
|---|---|---|---|---|
| СДСМ | 9 | 9.8 | 9.8 | **10.6** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 26.1 | 26.3 | 29.2 | **30.2** |
| ДУИ | 9.5 | 9.9 | 10.8 | **9.2** |
| ПДП | 0.1 | 0.3 | 0.3 | **0.5** |
| ДПА | 4.7 | 5.1 | 5.7 | **5.6** |
| НСДП | 0.6 | 0.9 | 0.6 | **0.4** |
| ДОМ | 0.3 | 0.4 | 0.4 | **0.1** |
| ПЕО | 0.1 | / | / | **/** |
| ПЕИ | / | / | / | **0.2** |
| ЛДП | 0.2 | 0.4 | 0.3 | **0.3** |
| ЛП | 0.1 | / | 0.1 | **0.1** |
| ВМРО Народна | 0.1 | 0.4 | 0.4 | **0.1** |
| ДУА | / | / | 0.4 | **/** |
| ниедна | 20.5 | 18.8 | 19.4 | **9.1** |
| Друга | 1.7 | 1.4 | 1.4 | **1.7** |
| не знам/нема одговор | 26.5 | 26 | 21 | **32.1** |




Во **ВТОРОТО ПРАШАЊЕ** граѓаните требаше да одберат еден македонски **политичар во кој имаат најголема доверба**. Како и во претходните истражувања највисок рејтинг има актуелниот Премиер на Република Македонија, Никола Груевски додека втор на листата е лидерот на ДУИ, Али Ахмети. Потоа следат : Претседателот Бранко Црвенковски, Мендух Тачи, Радмила Шеќеринска итн.

| | 3-4 Мај | **16-18 Мај** |
|---|---|---|
| ниеден | 23,1 | **24,8** |
| друг | 1,5 | **3** |
| не знам / нема одговор | 15,1 | **12,2** |
| Радмила Шекеринска | 3,2 | **5** |
| Никола Груевски | 29,5 | **32,3** |
| Али Ахмети | 11,2 | **9,1** |
| Абдулади Вејсели | 0,1 | **0,2** |
| Мендух Тачи | 4,5 | **4** |
| Тито Петковски | 1,1 | **0,7** |
| Лилјана Поповска | 0,3 | **0,2** |
| Ѓорѓи Оровчанец | | **0,1** |
| Јован Манасиевски | 0,1 | **0,1** |
| Стојан Андов | 0,1 | **0,1** |

| | | |
|---|---|---|
| Љубчо Георгиевски | 0,3 | **0,2** |
| Бранко Црвенковски | 7,5 | **6,1** |
| Арбен Џафери | 1,5 | **1,8** |
| Бардуљ Мамути | 0,5 | **0,1** |

НАПОМЕНА:

Одговорите ја одразуваат демографската структура на испитаниците и нивните преференци и ставови. Сите истражувања на институтот се подложни на статистичка грешка која изнесува +/- 3,1% . Поради тоа сите резултати претставени во извештајот можат да се движат во тој интервал.

Со почит,

Владимир Божиновски - **Институт за Демократија (ИДСЦС)**

**Моб. +389 70 26 98 28** **Тел. +389 2 3094 760**